# СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ПРЕД УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА ВО 21 ВЕК

**Деспина Сивевска, Јадранка Рунчева**
**Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип**

*„Училиштето вреди толку*
*колку што вредат наставниците кои работат во него“.*
Дистервег (1790-1866)

*You never stop learning.*
*If you have a teacher, you never stop being a student*.
*Elisabeth Rohm*

**Апстракт**

Наставникот има клучна улога во обезбедувањето на квалитетно образование. Како таков тој треба да стекне знаења, вештини и навики во текот на своето иницијално образование и да биде способен истите да ги примени во својот работен ангажман како иден наставник. Истовремено треба да умее да ја доближи содржината до самите ученици и наставникот треба да биде пример, да биде модел кој ќе го следат учениците. За да бидат исполнети сите овие услови потребна е целосна посветеност и љубов од страна на наставникот кон неговата работа. Образованието на наставникот не завршува со завршувањето на иницијалното образование. Наставничката професија бара постојано, континуирано професионално усовршување на наставниците. Ваквиот ангажман на наставниците не треба да произлегува само од институциите, туку наставникот треба во себе да ја носи желбата и жедтта по нови знаења. Само на тој начин наставникот ќе умее да одговори на предизвиците кои се јавуваат пред учителската професија.

*Клучни зборови*: наставник, наставничка професија, иницијално образование, професионален развој

# CONDITIONS AND CHALLENGES THE TEACHING PROFFESION IS FACING IN 21ST CENTURY

**Despina Sivevska, Jadranka Runceva**
**Faculty of Educational scinces, University “Goce Delcev” Stip**

**Abstract**

The teacher plays a key role in the provision of quality education. The teacher needs to acquire knowledge, skills and habits during his initial education and to be able to apply them in his work engagement as a future teacher. At the same time the teacher should approach the content to the pupils, and the teacher to be an example, to be a model that the students will follow. To be fulfilled these conditions it requires full commitment and love from the teacher to his work. Teacher education does not end with the completion of the initial education. The teaching profession requires constant, continuous professional development of teachers. This engagement of the teachers should not only come from the institutions, but the teacher should carry desire and thirst for new knowledge in himself. Only in this way the teacher will be able to meet the challenges that arise in front of the teaching profession.

*Key words*: teacher, teaching profession, initial education, professional development.

Наставникот претставува значајна фигура во формирањето на една личност и основен фактор од кој зависи успешноста на воспитно- образовната работа. Наставникот е тој кој не описменува, ни дава знаење, ни го отвора прозорецот кон светот, заедно со родителите не учи на правилата во животот и не ретко е една од клучните личности кои го обележале нашиот професионален или животен развој.

Улогата на наставникот, како главен носител на воспитно-образовниот процес, не се однесува само на пренесување на знаења, туку и способност да управува, раководи, секојдневно да усвојува нови знаења и способности, да бара одговор на прашањата: какви барања треба да му се поставаат на секој ученик во зависност од неговите способности и развој, кои средства и методи да ги примени за да може ученикот подобро да разбере. Тој мора добро да го познава она кое им го предава на учениците, односно предметот кој го предава, и да се интересира и да ги следи најновите сознанија од таа област, истите да ги вградува во наставните содржини и со љубов и внимание да им ги пренесува на учениците (Сивевска, 2012).

Бројни се фактите кои ја потврдуваат клучната улога на наставниците во обезбедувањето на квалитетно и инклузивно образование насочено кон ученикот, кое на секој ученик ќе му овозможи да ги развие своите потенцијали и ќе го подготви за живот и работа во современо општетсво. За тоа говорат и податоците од извештајот „Наставниците се важни“ (Teacher Matter) подготвен од ОЕЦД (OECD) од 2005 година, каде се укажува дека квалитетот на наставникот е еден од најважните фактори кои влијаат врз успехот на ученикот во учењето (Доналдсон, Центар за образовни политики, 2013). Истото се потврдува и во извештајот на Корпорацијата Мекинзи (McKinsey, 2007), каде повторно се нагласува централната улога која квалитетот на наставникот ја има во најуспешните училишни системи во светот. Овој извештај тврди дека, во текот на три години, учењето со висококвалитетен наставник, може да доведе до разлика од 53% во постигнувањата на ученикот (Доналдсон, Центар за образовни политики, 2013).

Неодамнешните истражувања покажуваат дека наставниците не добиваат соодветно образование, поддршка и поттик да ги развијат вештините, знаењата, чувството за професија и заемната инспирација за да се стремат кон социјална правда преку образование (Pantić, Closs & Ivošević, 2011, Центар за образовни политики, 2013). Гласот на наставникот не се слуша доволно при развивањето на образовните политики или управувањето со училиштата и ретко се признаваат иницијативите на наставниците (Центар за образовни политики, 2013).

Подготовка на идниот наставник

Подготовката на наставниците во Република Македонија се остварува преку два модели. Преку првиот модел студентите истовремено ги стекнуваат предметните и педагошко-психолошките и методичките знаења, а кај вториот прво се стекнуваат предметните знаења и доколку студентот се определи за професијата наставник, се стекнуваат педагошко-психолошки и методички знаења (познато како педагошко-психолошка и методска подготовка). Со првиот модел се оспособуваат студентите да бидат идни воспитувачи, одделенски и предметни наставници, додека вториот модел подготвува само предметни наставници. Времетраењето на двата модела е најмалку четиригодишно високо образование (Мицковска, и др. 2013).

Иницијалното образование на наставниците во Република Македонија се остварува со различен пристап, во зависност од тоа дали станува збор за одделенски или предметни наставници по општобразовни, уметнички или стручни предмети или пак по практична настава.

Од учебната 1995/96 година иницијалното образование на сите наставници е подигнато на факултетско ниво, во времетраење од 4 години. Во нашата земја

одделенските наставници се подготвуваат на: Педагошките факултети во Скопје, Битола и Штип (кој од 2011 е преименуван во Факултет за образовни науки), Институтот по Педагогија при Филозофски факултет во Скопје и Филозофски факултет во Тетово. На истите високообразовни установи се подготвуваат и предучилишни воспитувачи (Национална програма за развој на образованието во РМ 2005-2015).

Улоги на наставниците

Компетентноста, методската оспособеност и особините и квалитетите на личноста се неопходни карактеристики кои треба да ги поседува еден наставник. Современиот наставник е:

- Наставникот кој знае и учи;
- Наставникот кој умее;
- Наставникот кој инспирира (Миовска-Спасева, 2006, 30-37).

Еден од условите за постигнување на квалитетно образование е *компетентноста на наставникот*. Во текот на своето иницијално образование идниот наставник стекнува знаења, умеења и вештини кои ќе ги користи во својата работа во иднина. Тој наставник исто така треба да ги владее содржините од областа за која држи настава и постојано професионално да се усовршува.

*Наставникот треба да умее да ја доближи содржината до самите ученици*. Притоа тој треба да ги познава специфичностите на возраста и на индивидуалните особености на секој ученик; наставникот треба да познава бројни наставни методи и да знае кои методи кога да ги примени и исто така наставникот треба да поседува практично искуство.

*Наставникот е модел кој го следат самите ученици*. Наставникот за пример е наставник полн со педагошки оптимизам, наставник кој е чесен и честит човек, трпелив наставник, наставник кој умее да сослуша, наставник кој поседува говорна и писмена култура на јазично изразување, наставник кој има изградено професионален однос кон работата (Миовска-Спасева, 2006, 30-40).

Професијата наставник во себе интегрира когнитивни способности, познавање на предметот, т.е стручна подготвеност, педагошка компетентност и особини на личноста. Притоа интегративна улога има и мотивацијата на наставникот за наставна работа за да може сите овие компоненти да ги активира и применува во својата секојдневна наставна работа.

Реформите во образованието поставија поголеми барања и задачи на наставниците (и не само на нив) и ја наметнаа потребата од промени и во улогата на наставникот. Промените бараат нов тип наставник кој се помалку треба да дава информации, а се повеќе да биде медијатор меѓу ученикот и содржините што тој треба да ги научи од разни извори на знаење. Затоа, улогата на наставникот е тој да организира, планира, истражува, демонстрира, советува, оценува и објаснува во сите оние случаи за кои од него учениците ќе побараат помош, при што ученикот треба да биде во центарот на вниманието.

За да може наставникот успешно да одговори на новите и зголемени барања тој треба солидно да ја познава и да ја сака својата професија, да ги сака учениците, добро да ги познава нивните психофизички карактеристики, да поседува способност за создавање стимулативна училишна клима за учење и работа. Успешниот наставник треба постојано да се дружи со книгата, секојдневно да учи нешто ново и тоа да го имплементира во наставата. Со други зборови наставникот треба да пројавува перманентен интерес за својот личен и професионален развој. Меѓу најважните задачи на секој наставник се: да создава позитивни и сестрани личности кои ќе станат добри членови на нашето општество, да ги научи учениците како да учат, како да истражуваат,

како да наоѓаат одговор на поставените прашања и др. Сето тоа треба да придонесе секој ученик да се оспособи самиот да ги развива своите потенцијали и да стане приврзаник на идејата за доживотно учење.

Професионален развој на наставникот

Брзиот развој на науката и научните достигнувања придонесуваат знаењата и способностите кои се стекнати со формалното образование на факултет брзо да застаруваат, така да нужно се наметнува потребата од квалитативни промени кои ќе можат успешно и целисходно да дадат одговор на новите барања, потреби и услови, со цел успешно да ги изведуваат своите професионални задачи бидејќи образованието на наставниците е процес кој трае цел живот (Сивевска, Рунчева, 2014).

Професионалниот развој на наставниците се остварува на следниве нивоа: државно (преку БРО), регионално, на ниво на училиште и самообразование. Модели преку кои се реализира професионалното усовршување на наставниците се:

- Програми за постојано стручно усовршување кои се изведуваат преку изведување на обуки;
- Научни и стручни собири (конгреси, конференции, советувања, симпозиуми, тркалезни маси, трибини);
- Стручни и студиски патувања;
- Последипломски студии (специјалистички, магистерски и докторски);
- Користење на стручна литература.

Професионалниот развој на наставниците може да биде разгледан низ три главни модели (Јованова-Митковска): стандардизиран професионален развој на наставниците, целенасочен професионален развој на наставниците и професионален развој на наставниците – личен развој.

Имено стандардизираниот професионален развој на наставниците е централизиран пристап кој се применува најчесто за дисеминација на резултатите и вештините кај повозрасните наставници. Во текот на активностите, учесниците ги споделуваат вештините и знаењата со поголема група на едукатори, лице во лице или мултимедијално.

Целенасочениот професионален развој на наставниците означува интензивно учење од страна на наставниците во училиптето или регионот, кое е насочено кон долготрајни промени во инструктивните методи.

Професионалниот развој на наставниците – личниот развој претставува независност на учењето, кој ги користи расположливите ресурси кои можат да вклучуваат компјутери и интернет (Јованова – Митковска, стр. 3-4).

Наставникот мора континуирано да работи на својот развој. Институционалната поддршка на овој план е неизбежна и неопходна, но професионалниот развој на наставникот не може да се замисли без самоиницијативноста, желбата и посветеноста на кои доаѓаат од самиот наставник. Наставникот работејќи на своето образование, надоградувајќи се континирано може да одговори на предизвиците кои со себе ги носи наставничката професија.

*„Ти си способен да работиш на образованието на другите,*
*се додека работиш на сопственото образование“*
Дистервег

Заклучок

Образованието постојано се реформира, трпи промени се со цел да биде во чекор со брзиот научен и информатичко-технолошки развој. Оттука знаењето на наставниците не може и не смее да застане само на тоа образование стекнато во текот на инцијалното

образование. Само наставникот кој работи и го надоградува континуирано своето образование може да одговори на предизвиците кои ги носи со себе наставничката професија.

Користена литература:


1. Јованова-Митковска, С. Модели на професионален развој на наставникот. Преземено од http://eprints.ugd.edu.mk/6620/1/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D1%84%D0%B5%D1%81%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD%20%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-%D0%9C%D0%9E%D0%94%D0%95%D0%9B%D0%98.pdf
2. Миовска-Спасева,С. (2006). *Личноста и компетенциите на наставникот во совреeното образование*. Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје 59 (29-43).
3. Мицковска, Г и др. (2013). *Анализа на политиките и праксата на професионалниот и кариерниот развој на наставниците во Република Македонија*, Скопје: МЦГО.
4. Национална програма за развој на образованието во РМ 2005-2015, Програма за професионален развој на училишниот кадар
http://www.see-educoop.net/education_in/pdf/mak-strategija-mk.pdf
5. Пешова, Б., Попеска, Б., Сивевска, Д. (2014) Карактеристики на (не)успешен наставник, *Научно - стручна трибина, на тема: „НАСТАВНИКОТ- НЕКОГАШ, ДЕНЕС, УТРЕ*", Факултет за образовни науки, УГД, Штип
6. Сивевска, Д. (2012) Личноста на наставникот и атмосферата во одделението. *Годишен зборник на Факултетот за образовни науки*, 8 (8).
7. Сивевска, Д., Рунчева,Ј. (2014). *Професионален развој на воспитувачот (посебен осврт на ситуацијата во Република Македонија),* X симпозиум „Васпитач у 21 веку", Сокобања, Србија.
http://www.100megsfree.com/memo/2007/ivanova_profesionalen_razvoj.pdf
http://www.dnevnik.mk/?ItemID=B056F1D1B011984EA21474D04154580A
8. Центар за образовни политики (2013), *Наставничката професија во XXI век*, Фондации отворено општество за поддршка на образованието (ППО/ФОО), Белград